**Закачено на огласна табла на судот на ден 28.11.2023 год**

**ОСНОВНИОТ СУД КАВАДАРЦИ**, како првостепен надлежен суд, преку стечајниот судија Елизабета Петковска , постапувајќи по предлогот на доверителот Друштво за производство трговија и услуги КОРОНА Душко ДОО експорт-импорт Неготино со седиште на ул. Железничка бр. 7 А Неготино со ЕМБС: 5354200 , како предлагач за отворање на стечајна постапка над должникот Друштво за производство трговија и услуги ПРО ЗДЕНКА КАБЛИ ДОО Неготино со седиште во с. Пепелиште Неготино со ЕМБС: 6669905 и ЕДБ: 4019011503745 , без одржување на рочиште на ден 28-11-2023 година , го донесе следното :

**Р Е Ш Е Н И Е**

I.

**Се поведува** претходна постапка за утврдување на причината за отворање на стечајна постапка над должникот Друштво за производство трговија и услуги ПРО ЗДЕНКА КАБЛИ ДОО Неготино со седиште во с. Пепелиште Неготино со ЕМБС: 6669905 и ЕДБ: 4019011503745 и трансакциски сметки бр. 200002273938012 што се води при Стопанска Банка АД Скопје, број 240140111765556 што се води при Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, број 250070101652567 што се води при Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, број 270066699050162 што се води при Халк Банка АД Скопје, со приоритетна дејност - производство на пластични маси во примарни облици - со означена шифра 20.16.

**Се закажува** рочиште за испитување на условите за отворање на стечајна постапка, на ден 26-12-2023 година во 11,00 часот, во судница бр.2 на овој суд.

**Се задолжува** должникот Друштво за производство трговија и услуги ПРО ЗДЕНКА КАБЛИ ДОО Неготино по приемот на решението да му ги стави на располагање на привремениот стечаен управник , сите податоци и известувања потребни за донесување на одлука во врска со поднесениот предлог,

II.

Во претходната постапка на должникот до донесување на одлука по предлогот за отварање на стечајна постапка **се определуваат следните мерки за обезбедување:**

**За привремен стечаен управник** се определува лицето Димитар Калков лиценциран и овластен стечаен управник од Гевгелија ул. Кукушка бр. 20б , регистриран како стечаен управник Калков Јумиор Димитар Живко Калков Скопје ТП Калков Скопје , број на телефон 071-332-244, e-mail: kalkovjunior@gmail.com.

**Се задолжува** привремениот стечаен управник да го заштити имотот на должникот со сите соодветни средства, да дава согласност на органите на управување на должникот за водење на работењето се до донесување на одлука за отварање на стечајна постапка со цел да се избегне значително намалување на имотот и да испита дали должникот има имот над кој може да се отвори стечајна постапка и дали имотот е доволен за спроведување на стечајната постапка и намирување на трошоците на стечајната постапка и побарувањата на доверителите и да изготви извештај за економско - финанасиската состојба на должникот, неплатени обврски на должникот по сите

основи (придонеи, даноци ,комунална такса , обврски спрема доверители).

**Се одредува** општа забрана за располагање со имотот на должникот.

**Се забранува** определување или спроведување на присилно извршување или обезбедување против должникот.

**Се забранува** исплата од сметките на должникот.

**Се повикуваат** должниците на должникот своите обврски и должниковите солидарни содолжници и гаранти без одлагање да ги исплатат своите обврски кон должникот.

**Се задолжува** должникот да му овозможи на привремениот стечаен управник да влезе во неговите деловни простории за да може да ги спроведе потребните дејствија, како и да му дозволи и му овозможи да изврши увид во трговските книги и неговата деловна документација.

**Решението да се достави** до Централен Регистар на РСМ во кој е запишан должникот.

**Решението да се достави** до соодветните јавни книги во кои се врши упис на правата врз недвижностите (катастар), Централен Регистар и во други соодветни регистри, заради упис на ограничувањето за располагање во јавните книги.

**Решението да се објави** на огласна табла на Судот, да се објави оглас во Службен Весник на РСМ, како и на страната на Централниот Регистар на РСМ и на веб страната на судот.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Доверителот Друштво за производство трговија и услуги КОРОНА Душко ДОО експорт-импорт Неготино , во својство на предлагач , со предлог доставен до овој суд на 21-11-2023 година, наведе дека се исполнети условите за отворање на стечајна постапка над должникот Друштво за производство трговија и услуги ПРО ЗДЕНКА КАБЛИ ДОО Неготино со седиште во с. Пепелиште Неготино со ЕМБС: 6669905 и ЕДБ: 4019011503745 , повикувајќи се дека има стасано побарување спрема должникот.

Во предлогот од страна на предлагачот е наведено дека должникот е инсолвентен односно неспособен за плаќање од причина што истиот не може да ги намири пристигнатите парични обврски во рок од 45 дена од нивното пристигнување.

Како докази за постоењето на побарувањето предлгачот кон предлогот достави решение за издавање на нотарски платен налог НПН.бр.576/23 од 30-08-2023 година на нотар Зарија Апостолова од Неготино , Налог за извршување И.бр.929/23 од 18-09-2023 година на извршител Ангел Костадиновски.

Кон предлогот , предлагачот има доставено Тековна состојба на сметки на субјект добиени од регистар на трансакциски сметки бр.0813-50/1500202332873З од 20-11-2023 година издадена од Централен регистар на РСМ дека должникот не ги исплаќа доспеаните обврски повеќе од 45 дена , Тековна Состојба за должникот бр. 0805-50/1500202300217086 од 25-08-2023 година , Уверение за доверителот со излезен број 20210924125936 од 24-09-2021 година издадено од Агенција за впишување на Министерство за Правда на Р Бугарија преведено од овластен преведувач Анастасија Кујунџиќ и заверено кај нотар под УЗП.бр.2699/2021 од 05-10-2021 годинаТековна состојба за доверителот бр. 0805-50/150020230327416 од 18-11-2023 година .

Судот во текот на постапката донесе и решение СТ.бр.24/23 од 21-11-2023 година со кое определи аванс на трошоците за претходната постапка, а согласно одредбата од чл.53 ст.3 од Законот за стечај.

Предлагачот во законскиот рок го уплати определениот аванс на

трошоци за претходна постапка.

При таква состојба, Судот во конкретниот случај утврди дека се исполнети условите за поведување на претходна постапка за утврдување на причините за отворање на стечајна постапка во смисла на одредбата од чл.54 ст.1 и одлучи како под точка I од изреката на решението.

Судот оцени дека во конкретниот случај се исполнети и условите за определување на мерки за обезбедување и со тоа би се спречило да настане таква промена по финансискиот статус и имотната положба на должникот кои што би можеле да бидат неповолни за доверителите.

Во таа смисла, Судот согласно одредбата од чл.58 ст. 1 , ст.2, т.1,2,3 и 4 определи мерки за обезбедување

Како е определена општа забрана за располагање, судот го задолжи привремениот стечаен управник да постапи согласно одредбата од чл. 59 ст.1, т.1,2 и 3 и став 2 од Законот за стечај.

Согласно одредбата од чл.58 ст.5 од истиот закон правните последици од решението за определување на мерки за обезбедување настануваат наредниот ден од денот кога била извршена доставата.

Судот определи и објавување на ова решение согласно одредбата од чл.60 во врска со чл.10 ст.1 од Законот за стечај, а истото решение се објавува на огласната табла на Судот , да се објави оглас во Службен весник на РСМ, како и на страната на Централниот Регистар на РСМ.

Поради наведеното следуваше, Судот да одлучи како под точка II од решението .

**РЕШЕНО ВО ОСНОВЕН СУД КАВАДАРЦИ:СТ.бр.24/23 од 28-11-2023 година**

Стечаен судија,
Елизабета Петковска,с.р.

**Правна поука:**
Против ова решение не е дозволена жалба.

**Верно со оригиналот тврди:**

**Решението да биде доставено до:**

1.Должникот- Друштво за производство трговија и услуги ПРО ЗДЕНКА КАБЛИ ДОО Неготино + предлог со докази .
2. Полномошникот на предлагачот Адвокатско друштво Наков и Бошков Штип
3. Привремениот стечаен управник - Димитар Калков + оглас + предлог
4. Централниот Регистар на РСМ,Регистрациона Канцеларија во Велес
5. Агенција за катастар на недвижности Скопје Одделение во Неготино
6. Комора на Извршители ул. Костурски Херои бр. 66/4 Скопје
7. Универзална Инвестициона Банка АД Скопје
9. Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје
10. Халк Банка АД Скопје
11.Стопанска Банка АД Скопје
12. Огласна табла и веб сајт на судот
13.Службен Весник на РСМ-оглас.